= = = = === = =

# СООПШТЕНИЕ за запишување зимски семестар во учебната 2018/2019 година (за студенти од генерација 2016/2017 рок 1 и 2)

Објавено , 1.11.2018

## СООПШТЕНИЕ

### Запишување зимски семестар 2018/2019

### ВТОР циклус - постдипломски студии - генерација 2016/2017 рок 1 и 2

Доставување на комплетните документи за запишување на зимскиот семестар во учебната **2018/2019** година ќе се врши на шалтерите од Службата за студентски прашања од **12:30 до 14:30** часот, во периодот

**од 05.11 до 07.11.2018 година**

**Online пријавувањето е задолжително.** Во овој рок е отворено и задолжителното **online** пријавување кое се врши преку информацискиот систем на **www.iKnow.ukim.mk**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите заверката и уписот на семестарот ќе можат да го извршат со молба и **надомест за административни трошоци од 500,00 ден.**

***НАПОМЕНА***: Студентите кои електронски ќе се пријават, а нема да достават комплетни документи во Службата за студентски прашања ќе бидат избришани и од електронската евиденција и уписот ќе можат да го извршат со молба и **надомест од 500,00 ден.**

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Потребни документи:**

1. Индекс
2. Образец за запишување семестар А3, со уплатница за административна такса од 50,00 денари (Уплатата за административна такса може да се реализира со уплатница или со СМС порака преку мобилен телефон, при што бројот добиен од СМС уплатата, студентот задолжително сам го внесува во iKnow системот.)

3. **Студенти кои презапишуваат предмет/и (**односно заклучно со август/септем. испитен рок не ги положиле предметите од зимскиот семестар**) дополнително:**

   Интерен пријавен лист за запишување предмети (испечатен од веќе направениот online избор).

   Уплатница на ФЕИТ (во вредност на кредитите што ги носат предметите 1кредит = 25ЕУР среден курс на НБМ)

4. Студенти кои **не преслушуваат** предмети запишуваат **празен** семестар.

***НАПОМЕНИ:***

1. **За задоцнета заверка и упис на семестар студентите плаќаат по 500,00 денари административен трошок на факултетската жиро с-ка.**
2. **За студентите запишани во првиот уписен рок 2016/17:**

   **Крајниот рок за пријавување на тема за магистерска работа беше јануари 2018 г. (изминати 3 семестри на студии). По овој рок се доплаќаат 500 ЕУР при пријавување на тема. Услов за пријавување на магистерската тема се освоени 18 ЕКТС кредити.**

   **По изминати 4 семестри на студии се запишуваат празни семестри со уплата на ФЕИТ од 500 денари по семестар.**

3. **За студентите запишани во вториот уписен рок 2016/17**

   **Крајниот рок за пријавување на тема за магистерска работа беше септември 2018 г. (изминати 3 семестри на студии). По овој рок се доплаќаат 500 ЕУР при пријавување на тема. Услов за пријавување на магистерската тема се освоени 18 ЕКТС кредити.**

Скопје, , 1.11.2018 година

Студентска служба при ФЕИТ